НОВО срце

Неделен Христијански Интернет Билтен Година IV. бр. 149. Дата: 29. 10. 2012.

# Реформација на црквата

„Реформите ќе победат“, беше слоган на една политичка партија во Македонија, со кој се нагласуваше вистината дека секое општество има потреба од реформи (промени), доколку сака да напредува и да се движи напред.

Оваа вистина важи и за црквата. Бидејќи, таа е составена од (несовршени) луѓе, со текот на вековите, црквата има тенденција да застранува од Библиското учење, да подлегнува под влијанието на светот, на човечките (паганските) обичаи, и да ја заборави својата мисија и улога во светот.



Токму затоа, кога црквата одела во таа насока, Бог подигал луѓе кои ги препознавале и критикувале грешките на црквата и се залагале за враќање кон изворното, Библиското христијанство. Бидејќи нивната цел била да извршат реформи во самата црква, историјата ги запаметила како реформатори на црквата.

Еден од најпознатите реформатори е Мартин Лутер (1483-1546), католички свештеник од Германија кој протестирал против небиблиските учења и практики во Католичката Црква. Неговиот револт го изразил со пишување список од 95 забелешки, кој го заковал на вратата на црквата во Витембер, Германија. Ова се случило **на 31 октомври 1517 год**. Во чест на овој настан, на овој датум, во многу земји во светот се одбележува **Денот на Реформацијата**.

Иако Лутер е попознат реформатор, тој не е ниту првиот, ниту единствениот. На него му претходеле **Џон Виклиф** (1320-1384) од Англија, **Јан Хус** (1369-1415) од Чешка, **Гироламо Савонарола** (1452-1498) од Италија и други.

Мартин Лутер имал и свои современици, кои исто така ја согледале и подржале потребата од реформација на црквата, во нивните земји. Попознати реформатори од тоа време се: **Улрих Цвингли** (1484-1531) од Швајцарија, **Вилијам Тиндејл** (1492-1536) од Англија, **Жан Калвин** (1509-1564) од Франција, **Примож Трубар** (1508-1586) од Словенија...и многу други.

Сите тие се заслужни за голем број позитивни промени и за напредокот на нивните земји. За жал, многумина од нив биле осудени на смрт од страна на Католичката црква и ги загубиле своите животи, само затоа што не сакале да отстапат од вистината и реформите во црквата.

Подолу ќе наведеме некои, познати цитати од овие реформатори, (и податоци) кои се извадок од книгата “Инспиративни мисли од протестантските реформатори“.



*„Доколку не ме убедите преку Светото Писмо (Библијата) и преку здраво расудување, јас нема да го прифатам авторитетот на папите и на нивните советници, зашто тие си противречат едни на други“*

*„Јас сум строго приврзан кон Божјото Слово; Тоа ја има запоседнато мојата совест; затоа, не можам и нема да се откажам од ништо. Зашто, да постапам спротивно на својата совест не е ниту праведно, ниту безбедно. Таков стојам пред вас,* ***поинаку не можам****, Господ нека ми е на помош!“*

*„Мир-ако е можно; вистината по секоја цена“* – **Мартин Лутер**

*„Барај ја вистината, слушај ја вистината, кажувај ја вистината, сакај ја вистината, остани во вистината, брани ја вистината се до својата смрт.“*

*„Попрво ќе ја поднесам казната на суровата смрт, отколку што ќе прифатам нешто надвор од верата (христијанска) или да ги прекршам заповедите на нашиот Господ Исус Христос“.*

<u>Пред својата смрт на клада, Јан Хус пророчки изјавува</u>: *„Овој пат ќе ја испечат гуската* (неговото име на чешки значи „гуска“) *но по сто години ќе запее лебедот и ништо не ќе му можат.“* (Речиси точно после 100 години се појавува реформаторот Мартин Лутер). **–Јан Хус**





*„Бог ни дава се во името на Христос. Затоа, нема потреба од други посредници.“*

*„Евангелието е ова: гревовите ни се простуваат во името на Исус Христос.* ***Ниедно човечко срце до сега нема слушнато порадосна вест од оваа****.“*

*„Само преку Христос ни се дава спасение, благослов, благодат, прошка и сé друго што на било кој и да е начин нé прави достојни во очите на праведниот Бог“.*

*„Целата вистина е јасно содржана во евангелијата. Тие што зборуваат дека евангелието е ништо без благослов од црквата, виновни се за богохулство.“* ***-Улрих Звингли***

**Примож Трубар** е најзначајниот словенечки преродбеник, реформатор и просветител . Тој е прв кој го користи зборот *„Словенец“* , а неговото мото „ (со вера, христијанинот) *ќе стои и ќе опстои“* е мото кое стои на современата словенечка кованица (монета) од 1 евро.

Неговото влијание за словенечкиот и општо јужнословенечкиот развој е огромен. Придонесува за писменоста и прифаќањето на овие јазици во европското семејство и култура, а посебно и за развојот на свеста на граѓаните на северозападниот Балкан, кои во тоа време се соочувале со Отоманската окупација и Римокатоличката доминација.



<u>Цитати од Примож Трубар</u>

*„Со вера, христијанинот ќе стои и ќе опстои, наспроти маките и искушенијата.“ „Христијанската вера ... од безумник прави мудар, од грешник прави светец ... од пеколот, го преместува човекот во рајот.“*

*„Имај милост над нас грешните словенци, бидејќи повеќе од другите народи ти згрешивме“. „За сите словенци, барам милост, мир, благодат и вистинско запознавање на Бог, преку Исус Христос.“*

**Адреса: „Ново Срце“, П. Фах 135, Неготино, 1440. Е-пошта : novosrce1@gmail.com**